РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
Примено: 12.01.2023

| Организ.ед. | Број | Прилог | Вред-ост |
| --- | --- | --- | --- |
| 18 - | 82/1 | | |


До Општина Гевгелија
Република Северна Македонија

БАРАЊЕ

за пристап до информации од јавен карактер

од [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот барам информација од јавен карактер:

Барам Општина Гевгелија, РСМ, да ми достави информација дали во периодот од ноември 2021 до декември 2022 година склучила авторски договори, за колку пари и да ми достави информација за исплата на авторските хонорари. Освен тоа, барам да ми се достават и следните документи:

1. Склучениот договор (договори), со датум и број / копие

2. Список на ангажирани лица за авторски дела/договорни услуги и исплатен износ за секој поединечно

3. Одлука за склучените договори на нарачателот на услугите, односно Општина со ангажирани лица за авторски дела/договорни услуги

4. Месечни извештаи за извршените договорни услуги за коишто се извршени исплатите и преку која авторска агенција

Со содржината на бараната информација барам да бидам запознат со:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Молам информацијата да ми биде доставена :

- а) по пошта

- б) телефон

- в) факс

- г) е-маил

- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

(Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер. )

Во [redacted]

ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
MUNICIPALITY OF GEVGELIJA

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ бр. 101/2019) и член 62 став 1 алинеа 14 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 25/06), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесе

# РЕШЕНИЕ

Општина Гевгелија како имател на информација од јавен карактер позитивно одговори на барањето за обезбедување слободен пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted]

## Образложение

[redacted] поднесе Барање за пристап до информации од јавен карактер со кои располага Општина Гевгелија, бр. 18-82/1 од 12.01.2023 година, кое се однесува на барање до општината, односно барање на информации за:

Дали во периодот од ноември 2021 до декември 2022 година Општина Гевгелија склучила авторски договори, за колку пари и да ми достави информација за исплата на авторските хонорари, по наведените точки), односно:

1. Склучениот договор (договори), со датум и број/копија
2. Список на ангажирани лица за авторски дела/договорни услуги и исплатен износ за секој поединечно
3. Одлука за за склучените договори на нарачателот на услугите, односно Општина со ангажирани лица за авторски дела/договорни услуги
4. Месечни извештаи за извршените договорни услуги за кои што се извршени исплатите и преку која авторска агенција.

Барањето е разгледано и на барателот му се доставува одговорот на барањето.

Бр.18-82/3
23.01.2023 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Бр. 18-82/2**
**23.01.2023 год.**
**Гевгелија**

[redacted]

**Предмет:** Доставување на одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Во врска со вашето барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, каде е наведено дека од имателот ја барам следната информација од јавен карактер, ви доставуваме одговор на бараните информации (дали во периодот од ноември 2021 до декември 2022 година Општина Гевгелија склучила договорни услуги/авторски договори, за колку пари и да ми достави информација за исплата на авторските хонорари, по наведените точки), односно:

1. Склучениот договор (договори), со датум и број/копија
2. Список на ангажирани лица за авторски дела/договорни услуги и исплатен износ за секој поединечно
3. Одлука за за склучените договори на нарачателот на услугите, односно Општина со ангажирани лица за авторски дела/договорни услуги
4. Месечни извештаи за извршените договорни услуги за кои што се извршени исплатите и преку која авторска агенција.

Во наведениот период ноември-декември 2021 год., Општина Гевгелија има склучено договори за договорни услуги со износ 352 770 денари, со лица кои се ангажирани во: Пионерски дом, Работнички универзитет, СОУ Јосиф Јосифовски, Општина Гевгелија, Центар за посебни потреби, ЈПКД Комуналец, Градски театар Гевгелија, ОУ Крсте Мисирков, Детска Радост.

Во наведениот период јануари-декември 2022 год., Општина Гевгелија има склучено договори за договорни услуги со износ 5 163 998 денари, со лица кои се ангажирани во: Пионерски дом, Работнички универзитет, СОУ Јосиф Јосифовски, Општина Гевгелија, Центар за посебни потреби, ЈПКД Комуналец, Градски театар Гевгелија, ОУ Крсте Мисирков, Детска Радост.



Scanned with CamScanner

Што се однесува на информациите барани од имателот наведени по точи,

Ве известуваме дека:

Се уважува вашето барање за слободен пристап до информација од јавен карактер, но,

поради обемот и сензитивноста на личните податоци наведени во договорите (матични броеви, адреса на живеење, трансакциски сметки), бараните информации/податоци ќе ви бидат доставени на увид од одговорното лице во просториите на Општинската администрација, секој работен ден, во периодот 08-16 часот, се разбира со претходна најава од ваша страна заради прибавување и комплетирање на бараните и потребни информации.

Со почит,

Изработил,
Томе Јанкуловски,
Лице за посредување со информации од јавен карактер

Градоначалник
на општина Гевгелија
Андон Сарамандов

Доставено до:
- насловот
- архива



Scanned with CamScanner